Образец за извештај за реализиран проект
во областа на меѓународната соработка

Овој дел се пополнува по реализацијата на проектот

Име / Назив на носител на проектот	НУУБиблиотека „Гоце Делчев„
Лице одговорно за проектот	Зоран Костовски
Адреса	Ул.Вита Поп Јоранова бр 5 Штип
телефон/е-адреса	032 391 247
	nub_gocedelchev@yahoo.com
Наслов на проектот:	Француски учиме,македонски читаме,култура спојуваме и развиваме
Држава и период на реализација:	
Проектот е од областа на (заокружи)	- билатералната соработка -Македонски културен центар - Њу Јорк -Културно – информативен центар - Софија - мултилатералната соработка -УНЕСКО и други меѓународни организации -евроинтеграциските процеси во културниот сектор и културните политики -Програма Култура 2007-2013 (поддршка на проектите кои се веќе одобрени од страна на Европскиот парламент)
Дејност на проектот (заокружи)	-заштита на културно наследство -библиотечна дејност -музејска дејност -издавачка дејност и литература -аудиовизуелна дејност и заштита - музичка и музичко-сценска дејност -традиционална фолклорна уметност (дејност) -драмска дејност -ликовна уметност и галериска дејност
Број на ангажирани лица во реализацијата на проектот	15
Реализирани цели и ефекти на проектот	
Краток наративен опис на реализираниот проект	Во рамки на проектот „Француски учиме, македонски читаме – култура спојуваме и развиваме“, на самиот почеток се изврши потребните координативни состаноци и писмена коресподенција со лицата и институциите со кои беше предвидено да се соработува.

	Се започна со иницијален разговор и договор со професор по француски јазик, кој пак понатаму реализираше настава во текот на три месеца од 2019 година и тоа во месеците септември, октомври и ноември. Веднаш потоа од страна на институцијата – апликант на проектот се распиша Јавен повик за пријавување на посетители – курсисти, кои во понатамошниот период посетуваа настава во групи, согласно возрастите. Во текот на курсот беше распишан Конкурс за избор на најдобар есеј и најдобри лични творби што пак понатаму им даде дополнителна стимулација на наградените лица – изучувачи на францускиот јазик. Курсот и овојпат се покажа како доста успешен. Наставата се одвиваше двапати неделно. На крајот на курсот беа поделени потврди за посетување на курсот во одредениот период. Беше реализирана завршна манифестација (приредба) на која учествуваа сите курсисти. Млади луѓе – основци, членови на Академија еуроарт – Штип изучуваа француски шансони во рамки на Летната школа. Паралелно се одвиваа преговори со Францускиот институт во Скопје при што заеднички во просториите на НУ-УБ „Гоце Делчев“ – Штип беше реализирано предавање со цел реализација на промоција од француски автор, проследено со изложба. Во доменот на претставувањето на француската култура во Штип, во просториите на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ – Штип беше одржано предавање со цел претставување на француската класична литература пред учениците и дискусија за македонско – француските книжевно – уметнички врски. На настанот присуствуваа средношколци. Исто така, на Музичката академија се одржа предавање со практичен дел и изложба на факсимили

	за и од делата на францускиот композитор, Анри Дитие. На настанот присуствуваа основци. Во соработка и со поддршка на Македонската амбасада во Париз, а преку нив и со Националниот институт за јазици „ИНАЛКО“ во Париз се реализираше посета на Франција каде беше претставена македонска литература, ракописи, факсимили, донација на книги како за студентите од „ИНАЛКО“, така и за учениците од школска возраст, кои изучуваат македонски јазик во Париз и околината. Конкретно, четиричлената делегација од Р. С. Македонија, покрај предавањето што го одржа на „ИНАЛКО“, оствари средба и со Амбасадорката на Р.С.Македонија во Франција, г-ѓа Јадранка Чаушевска – Димов, како и со нејзиното културно аташе, Марица Ристевска. Воедно, на Универзитетот „Иналко“, беше остварен состанок со проф. Фроса Бушеро, раководител на докторските студии по македонски јазик и лекторот Дарко Ристовски. Во Париз беше реализирана и посета на Националната библиотека „Франсоа Митеран“.
Добиени награди / признанија	/
Медиумска покриеност	Сите национални, регионални и локални медиуми
Остварени контакти и можни идни партнерства	Остварени контакти со Амбасадорот на Македонија во Франција, со проф. Фроса Бушеро, раководител на докторските студии по македонски јазик, со библиотекари од Библиотеката „Франсоа Митеран“, со Лекторатот за македонски јазик во Париз со и лекторот Дарко Ристовски и др.
Број на посетители	4 лица во Париз, 90 лица на ликовната колонија и на курсевите по француски јазик.

Структура на приходи

Извори на финансирање	средства
Министерство за култура	250,000
Локална самоуправа	
Сопствено учество	
Спонзорства	
Донации	
Друго	
ВКУПНО	250,000

Структура на расходи

Патни трошоци (локален и меѓународен транспорт) за 4 лица	81,356
Хотелско сместување за 4 лица од 29,09 до 03,10,2019	62,220
Дневници за 3 лица	35,598
Банкарска провизија	1,000
Изработка и печатење на пропаганден материјал	11,853
Трошоци за изложба	6,000
Цвеќе за промоции и изложба	3,658
Коктели за отворање и затворање	4,430
Изработка на ликовен дизајн на брошура за Штип и Библиотекета	6,630
Превод на брошурата од македонски на француски	11,300
Авторски надоместоци за уметниците и други лица вклучени во реализацијата на проектот **(промотори во Франција**)	13,214
Авторски надоместоци за уметниците и други лица вклучени во реализацијата на проектот (**промотори во Македонија**)	5,084
Авторски надоместоци за уметниците и други лица вклучени во реализацијата на проектот (**предавачи на курсеви по француски јазик**)	40,679
Авторски надоместоци за уметниците и други лица вклучени во реализацијата на проектот (подготовка и организација на книжевно музички перформанс и изложба)	16,948

ВКУПНО	**299,970**

Забелешка

* Задолжително за секој проект одделно, покрај пополнетиот образец да се приложат копии од исплати (склучени договори со кои е регулирана исплатата на авторските и други надоместоци, сметки, фактури, банкарски изводи), како и примероци од каталог, промотивни материјали, награди, дипломи кои се однесуваат на реализираниот проект.

* Износот на приходите од Министерството за култура мора да е еднаков со расходите.

Раководно лице

Зоран Костовски